Slow Food®
Bitola

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2019



www.slowfood.mk/bitola

1. ВОВЕД

Здружение за заштита, промоција и едукација за храна „СЛОУ ФУД БИТОЛА“, Битола - е невладина, непартиска и непрофитна организација основана во 2011 година, како конвивиум т.е. локален огранок на организацијата „Слоу Фуд“. Конвивиумот е дел од националната и интернационалната мрежа на Слоу Фуд присутна во 160 земји во светот. Здружението во своите редови вклучува 80 члена.
Слоу Фуд Битола како здружение на граѓани е претставувано од претседател, а организационата структура вклучува и потпреседател, генерален секретар, совет на експерти, како и координатори за едукација за храна и координатор за млади.

Во „Слоу Фуд Битола“ активни се 8 соработници и волонтери, стручни во областа на делување на здружението. Тројца се технолози на храна и работат на области поврзани со производството и квалитет на храната, останатите се поддршка во комуникација, организација и логистика и волонтирање на настаните.

2. ПРОГРАМСКИ ОПРЕДЕЛБИ

Визија:
Одржлива храна базирана на зачувувањето на биодиверзитетот и традицијата.

Мисија:
Преку едукација кампањи и промоција, градиме гастрономска култура инспирирана од традицијата, разновидните земјоделски производи од локалните производители и знаењето на новите генерации за одржлив развој.

Опфат и цели:

Конвивиумот во согласност со статутите на меѓународната и националната организација и правилниците кои произлегуваат од нив, има ограничена територија на членување и делување во општините Битола, Новаци и Могила. Конвивиумот има за цел да се овозможи секој да го ужива правото на пристап и задоволство од храна, без разлика на пол, етничка припадност, јазик, религија, политичко мислење и социјална положба. Слоу Фуд го промовира и брани суверенитетот во сите негови форми, ја унапредува заштитата на биодиверзитетот и почитување на: трудот на производителите, животната средина и здравјето на консументите.

За да се постигнат овие цели, Конвивиумот, делува во однос на:

- промовирање на филозофијата на Слоу Фуд и конвивиумот со цел да придобијат нови членови и поддржувачи;
- развој на присуството и организирање на локалната мрежа на конвивиумот;
- развој на мрежите на Тера Мадре Македонија, Слоу Фуд Млади Македонија и заедниците на храна во регионот на делување;
- развивање и промоција на проекти за заштита на биодиверзитетот;
- активности за подобрување на локалната економија и развој на модели на производство на храна ипромоција на заеднички групиза купување и поддршка на заедницата;
- развој и унапредување на едукацијата за храната и проектите од таа област;
- развој и спроведување на националните програми и кампањи на Слоу Фуд Македонија и меѓународната Слоу Фуд на територијата на делување;
- промовирање на иницијативи и проекти со цел намалување на отпадот;
- да се промовира практики за заштита на благосостојбата на животните;
- да се воспостави односи и соработка со владини агенции, плански развоен регион, општина, други здруженија, асоцијации на производители, да се придонесе за развој и промоција на земјоделството ипроизводство на храна;
- соработува со други здруженија или организации за заштита на животната средина и почитување на природата, неопходен услов за зачувување на нашите гастрономски традиции и наследство иза заштита и промоција на различни форми на популарната култура и локалната историја;
- работи за заштита на животната средина, пејсажите, почвата и земјиштето; климатските промени, истакнувајќи врската помеѓу производството и потрошувачката храна и трошоците за животната средина.
- воспоставување на соработка со стручни лица од областите на земјоделството, гастрономијата, екологијата, социјалните и економските науки, психологијата и педагогијата, културата и уметноста, со цел обезбедување на поддршка на локалните и националните иницијативи;
- одржува врски и промовира иницијативи со други конвивиуми во Македонија и светот;
- подготвува проектни апликации и управува со проектни циклуси;
- развива активности за самофинансирање за поддршка на проектите наконвивиумот, националната и меѓународната организација;

Активности:

За да се постигнат целите, Конвивиумот реализира најразлични активности, како:

- утврдување на седиште на конвивиумот со цел да се одговори на потребите на членовите и да претставуваместо за средба, размена и обука;
- обезбедување на сервис за регистрација и давање на услуги на членовите;

- промовирање на гастрономски и културни иницијативи од било кој вид во полза на членовите;
- промовирање и поддршка на иницијативи со цел да се зачува и да се зајакне идентитетот, културната историја на областа во која се врзува специфично производство, особено прекузачувување на биолошката разновидност;
- обезбедуватренинзи за јакнење на капацитетите на членовите за активности на Слоу Фуд;
- организираат настани, изложби, конференции, состаноци, трибини, семинари,за постигнување на целите, со вклучување во активностите на членовите, производители, готвачи, експерти, активисти или други лица;
- организира собирање средства за реализација на програмскитеактивности и тренинзи на членовите;
- поттикне создавање на групи на соработници за проучување и продлабочување на интересите на членовите;
- промовира иницијативи насочени кон скратување на синџирот од производител-потрошувач;
- склучува договори со јавни и приватни институции за реализација на курсеви и семинари,обезбедување на услуги во рамките на своите цели;
- организираат колективно купување и дистрибуција на стоки, исклучиво за членовите, со почитување на етичките кодекси, солидарноста на членовите и одржливоста на животната средина и практична реализација на целите на конвивиумот.

3.РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

Здружението ги извршува своите активности во согласност со целите на Слоу Фуд, во согласност со принципите поставени во Статутите на националната и меѓународната организација на „Слоу Фуд“ и стратешките планови и годишната програма, донесена од страна на членовите на Слоу Фуд Битола за време на годишното собрание.

1. **13 Март 2019 година – Мариовска авантура**

Дел од членовите на Слоу Фуд Битола на овој ден беа на еднодневно патување низ Мариовскиот предел на - „Мариовска авантура“. Мариово одсекогаш било привлечно за посета па не го исклучија од можноста ни Слоу Фуд Битола. Во оваа „Мариовска авантура“ беа посетени неколку места каде се снимаа познати филмови ***** , цркви кои ги има во овој предел но неизбежни беа и бачилата со овци од каде потекнува автентичното мариовско сирење. Групата на Слоу Фуд Битола имаше можност да поразговара со сточарите од овој крај за тоа на кој пат се движи сточарството во овој регион. На крај членовите на Слоу Фуд Битола дегустираа јадења во етно ресторан. На трпезата беше поставено мариовското бело сирење,

вкусните мазници приготвени од страна на домаќинките, овчи јогурт и што друго ако не печено јагнешко во фурна.




2. 19 Мај 2019 година – Едукативна работилница на Слоу Фуд Битола

Во рамки на проектот „Зелени Училишта за одржлива иднина“ кој беше во реализација на ОУ „Стив Наумов“ од Битола, заедно со училиштата од Италија, Грција, Романија, Полска и Португалија како дел од Еразмус програмата, во соработка со Слоу Фуд се одржа едукативна работилница. Едукативната работилница се одржа во с.Дихово. На оваа работилница децата имаа можност да изработуваат фигури од семиња, да дегустираат, да играат квиз со храна, да месат леб и на крај имаа можност да прават буковска пипер на традиционален начин.




3. 17 Април 2019 година – Годишно собрание на Слоу Фуд Битола

Слоу Фуд Битола секоја година одржува годишно собрание на кое се собираат сите членови на Слоу Фуд Битоласе презентираат реализираните активности и финансиски извештај од минатата година. Исто така на годишното собрание се гласа годишната програма за тековната година и се презентираат тековните и идните проекти.




4. 01 Јули и 14 Септември 2019 година – „Пазар на Фармери„

„Пазар на фармери“ е настан кој неколку пати се одржува во пазрот во Нова Битола, на кој можешеда сед егустира и купи домашна локална храна, органска храна преработени производи. Понудени директно од производителите со најдобар квалитет и поправични цени. Настанот беше во реализација на Слоу Фуд Битола преку проектот „Мобилизација на граѓанското општество за поттикнување позитивни општествени промени - МОГО ПОП“ спроведуван како дел од проектот „Правна помош и поддршка за зајакнување на капацитетите за застапување и одржливост на локални граѓански организации“ на Македонско здружение на млади правници. #EUproject #EUfunded #ЕУзаТебе

#LegalAdvocacySutainabilitySupportForCSOs Пазарот на фармери бешеподдржан од: Општина Битола и ЈП Пазари, Битола.




12 Јули 2019 година – Слоу Фуд Битола на Д Фестивал во Дојран

Слоу Фуд Битола на Д Фестивалот учествуваше со настанот „Диско супа“. Диско супа претсавува настан каде се готви супа со останати намирници од пазарите и маркетите кои

завршуваат во кантите за отпад. Оваа Диско супа се организира секоја година со цел да се подигне свеста кај производителите а и кај консументите да се намали фрлањето на храна и да се искористува што повеќе.





5. 29 Јули 2019 година – Бираријa 2019

Во Пациото на Музејот во Битола се одржа првиот настан во Битола кој беше од ваков тип. Бирарија 2019 беше првиот настан посветен на занаетчиско пиво и музика во Битола. Присутните имаа можност да дегустираат пива во голем пивски спектар. Настанот беше во реализација на Слоу Фуд Битола преку проектот „Мобилизација на граѓанското општество за поттикнување позитивни општествени промени - МОГО ПОП“, а спроведуван како дел од проектот „Правна помош и поддршка за зајакнување на капацитетите за застапување и одржливост на локални граѓански организации“ на Македонско здружение на млади правници. Дополнително беше поддржан и од Горска, Водовод, Нискоградба, Пиводром, Сакам пиво и Slow Beer.





6. 13 Декември 2019 година – Боемски вински салон 2019

Во народниот театар во Битола се одржа и второто издание на Боемски вински салон 2019. Овој настан е прогласен како најбоемскиот и најхедонистичкиот настан во Битола – со учествона 20 винарии кои понудија за дегустација преку 100 етикети на вино, а можеа да се

дегустираат и дестилати, маџун, месни и млечни производи, јаткасти плодови и мед. Настанот беше во организација на Слоу Фуд Битола, а поддржан од Општина Битола и Горска вода.



7. 20-23 Септември во Бра - Слоу Фуд Битола на Cheese 2019

Cheese е биенален настан кој е познат како фестивал на сирењето. Оваа година Слоу Фуд Битола по петти пат беше учесник на овој настан. Мотото оваа година беше „природно е возможно“. На ова издание Слоу Фуд Македонија го презентираше „Жолтото сирење“ на: - Мартин Трајковски, „Старото огниште“, с.Петралица, Крива Паланка (одовчо млеко) – Давид Неделковски, „Кози, млеко, планина“, с.Раштак, Скопска Црна Гора (од козјомлеко).



8. 18 и 19 Октомври - Слоу Фуд Салон

На 18 и 19 Октомври во скопје во Александар Палас се одржа првиот Слоу Фуд Салон. Целта на настанот беше да ги промовира малите производители на висококвалитетни производи кои треба да ја валоризираат вредноста преку своето знаење и труд. Со

одржување на овој Слоу Фуд Салон се даде поттик на за креирање на позитивна клима за развој на малите производители и збогатување на понудата на производи на пазарот. На овој настан повеќе од 100 производтели ги изложија своите производи, ги раскажаа своите приказни на посетитетилите, а тие имаа можност од прва рака да ги дегустираат нивните производи.



4. КОМУНИКАЦИИ

„Слоу Фуд Битола“ своите активности ќе ги комуницира со локалните медиуми, со кои редовно соработува. Исто така ќе ги комуницира по електронски пат на меил, њузлетери и своите комуникациски канали на националната страница, својот блог и страниците на социјалните мрежи.

Блог:
www.slowfood.mk/bitola

Facebook:
https://www.facebook.com/slowfood.bitola/

Twitter:
https://twitter.com/slowfoodbitola

5.ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

ЕМБС: 06711820
Целосно име: Здружение за заштита, промоција и едукација за храна Слоу Фуд Битола
Вид на работа: 540
Тип на годишна сметка: Годишна сметка
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2019

Биланс на приходи и расходи

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
201	- - Расходи I. МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА (202 до 210)	681.515,00			694.608,00
202	- - Потрошени материјали	110.722,00			295.832,00
203	- - Потрошена енергија	19.078,00			19.451,00
204	- - Други услуги	18.830,00			57.039,00
205	- - Превозни и транспортни услуги	150.497,00			58.256,00
206	- - Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација	212.428,00			128.200,00
209	- - Наемнини	169.960,00			135.830,00
211	- - ДРУГИ РАСХОДИ (212 до 221)	837.006,00			996.475,00
212	- - Провизија за платен промет	18.272,00			17.653,00
215	- - Дневници за службено патување	16.600,00			
216	- - Надоместоци на трошоците на работниците и граѓаните	14.278,00			77.605,00
217	- - Негативни курсни разлики	1.106,00			187,00
218	- - Членарини	1.000,00			21.900,00
219	- - Други расходи	753.110,00			848.320,00
221	- - Пренесени средства	32.640,00			30.810,00
222	- - КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА (223+224+225)	34.314,00			0,00
224	- - Средства за опрема	34.314,00			
230	- - ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ(231+232)	401.080,00			622.060,00
231	- - а) Вкалкулирани плати	401.080,00			622.060,00
235	- - ВКУПНО РАСХОДИ (201+211+222+226+230+233+234)	1.953.915,00			2.313.143,00
236	- - Остварен вишок на приходи-добивка пред оданочување(250 минус 235) ако 250>235	1.074.748,00			14.256,00
238	- - Остварен нето вишок-добивка (236-237)	1.074.748,00			14.256,00
239	- - Вкупно (235+236) или (235+237) ако 237 е поголемо од 236=252	3.028.663,00			2.327.399,00
243	- - Приходи од камати и позитивни курсни разлики	28,00			
244	- - Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори	2.690.853,00			1.151.811,00
245	- - Приходи од кирии и закупнини	5.000,00			

246	- - Сопствени приходи			100.800,00
247	- - Други приходи	223.200,00		40,00
248	- - Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година	109.582,00		1.074.748,00
250	- - ВКУПНО ПРИХОДИ 240+243+244+245+246+247+ 248+249	3.028.663,00		2.327.399,00
252	- - ВКУПНО (250+251)=239	3.028.663,00		2.327.399,00
438	- - Број на работници	2,00		2,00

Биланс на состојба

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
1	- - АКТИВА ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА (002+003+008+009)	472.231,00	578.872,00	480.127,00	98.745,00
3	- - МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (004 до 007)	472.231,00	578.872,00	480.127,00	98.745,00
6	- - Опрема	142.550,00	249.191,00	150.446,00	98.745,00
7	- - Други материјални средства	329.681,00	329.681,00	329.681,00	0,00
10	- - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА,КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊАИ АКТИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКИ (011+018+019+020+021+022+023+024)	1.417.648,00	357.156,00		357.156,00
11	- - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА (012 до 017)	1.074.748,00	14.256,00		14.256,00
12	- - Жиро сметка	1.074.748,00	14.256,00		14.256,00
23	- - ПОБАРУВАЊА ЗА ПОВЕЌЕ ПЛАТЕНИ ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ	3.900,00	3.900,00		3.900,00
24	- - АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (025+026+027)	339.000,00	339.000,00		339.000,00
27	- - Други активни временски ограничувања	339.000,00	339.000,00		339.000,00
28	- - МАТЕРИЈАЛИ, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ, СИТЕН ИНВЕНТАР, ПРОИЗВОДСТВО, ПРОИЗВОДИ И СТОКИ (029 до 034)		36.709,00	36.709,00	0,00
31	- - Ситен инвентар		36.709,00	36.709,00	0,00
42	- - ВКУПНА АКТИВА (001+010+028+035+038+041)	1.889.879,00	972.737,00	516.836,00	455.901,00
44	- - ПАСИВА - ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА	472.231,00			98.745,00
45	- - Деловен фонд	472.231,00			98.745,00
51	- - IV. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ И ПАСИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКІ (052 ДО 061)	339.000,00			339.000,00
56	- - Други краткорочни обврски	339.000,00			339.000,00
62	- - V. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (063 до 065)	1.078.648,00			18.156,00
64	- - Дел од вишокот на приходите пренесен во наредната година	1.074.748,00			14.256,00
65	- - Други пасивни временски разграничувања	3.900,00			3.900,00

69	- - ВКУПНА ПАСИВА (044+046+047+051+062+066+067+068)	1.889.879,00			455.901,00

Државна свиденција

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
675	- - Издатоци за авторски хонорари (< или = на АОП 219 од БПР)				12.205,00
680	- - Плати(< или = на АОП 231 од БПР)				424.248,00
681	- - Придонеси на плати(< или = на АОП 231 од БПР)				171.068,00
682	- - Даноци на плати(< или = на АОП 231 од БПР)				26.744,00
686	- - Приходи од камати(< или = на АОП 243 од БПР)	28,00			
691	- - Приходи од донации(< или = на АОП 244 од БПР)	2.690.853,00			1.150.167,00
692	- - Приходи од други извори(< или = на АОП 244 од БПР)				100.800,00
695	- - Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот	2,00			2,00

Распоредување на резултатот

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
351	- - А. ОСТВАРЕН НЕТО ВИШОК -ДОБИВКА	1.074.748,00			14.256,00
353	- - Б. ОСТАТОК ОД НЕТО ДОБИВКАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ (351-352)	1.074.748,00			14.256,00
358	- - ѓ) Дел за пренос во наредната година	1.074.748,00			14.256,00

Структура на приходи по дејности

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
2598	- 94.99 - Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место				2.327.399,00

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/ одбивање) од страна на Централниот Регистар.

потпиши Печати Откажи

Gmail emilija nedelkovska <emilija.ned@gmail.com>

Re: [E- поднесување на годишни сметки] Известување за одобрена годишна сметка

1 message

Slobodanka Veljanovska <slobodanka.veljanovska@yahoo.com> Thu, Mar 26, 2020 at 2:28 PM
To: Elena Karovska <elena.k@slowfood.mk>, Emilija Nedelkovska <emilija.n@slowfood.mk>

On Tuesday, March 3, 2020, 04:37:07 AM GMT+1, <esubmit@crm.org.mk> wrote:

Почитуван(а) **Слободанка Велјановска**,

Годишна сметка за 2019 година со деловоден број **45020200047446**, за субјектот **Здружение за заштита, промоција и едукација за храна Слоу Фуд Битола**, со ЕМБС **06711820** е **одобрена**.

Ви благодариме што ги користите е-услугите на Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Доколку Ви се потребни повеќе информации или имате проблем со користењето на системот, може да се обратите во нашиот центар за помош и поддршка на корисниците.

Со почит,

Централен Регистар на Република Северна Македонија

Кузман Јосифовски Питу 1, 1000 Скопје

Центар за помош и поддршка на корисници

e-mail:godishnismetki@crm.org.mk

Тел.: +389 2 3288295, +389 2 3288100

www.crm.org.mk https://e-submit.crm.com.mk/aaol/

НАПОМЕНА: Ова е автоматски генерирана порака. Ве молиме не одговарајте на неа.

6. КОНТАКТ

Николче Николовски
Претседател на здружението
070/922-429
nikolce.n@slowfood.mk

адреса:
„Слоу Фуд Битола“
Ул.Климнет Охридски 33/35
7000 БитолаМакедонија
www.slowfood.mk/bitola